**До: АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје**

АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: | 05-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1465/1 | | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] ул. [redacted] бр. [redacted] 7000
Битола, е-пошта: [redacted], тел. [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Како надоврзување на претходниот одговор што го доставивте како информација од јавен карактер, врска: арх. бр. 03-983/1 од 12.02.2025 година, барам дополнително објаснување на вашиот одговор, односно **дополнителни информации од јавен карактер**.

**Зошто станот бр.** 13 на ул. Филип Втори Македонски бр. 19, Битола, кој потекнува од станбениот фонд на поранешната ЈНА и кој, со Одлука на Владата од 2012 година, е предаден на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (АДСДП), **сè уште не е физички преземен**, односно **не е впишан како државна сопственост?**

Согласно **Законот за домување, АДСДП** е задолжено за стопанисување и **водење на единствената евиденција** на становите во Република Македонија. Како надлежен орган, вие сте обврзани да имате целосен увид и евиденција на недвижностите во државна сопственост, **како и на нивните корисници.**

Бидејќи во вашиот претходен одговор е наведено дека не сте го примиле станот физички, Ве молам да одговорите на следните прашања:

1. **Зошто станот не го примивте физички**, односно **не го запишавте** како државна сопственост **и покрај тоа што Ви беше предаден** од Министерството за Одбрана?

2. **Дали во моментов водите постапка за упис на овој стан** во државна сопственост?
   - Доколку постапката е во тек, **кој е крајниот рок за ажурирање на податоците** во катастар?
   - Доколку постапката не е во тек, **која е причината за да не се запише**

**овој имот како државна сопственост?**

Одговорите на погоре наведените прашања ни се неопходни нам станарите на ул. Филип Втори Македонски бр. 19, бидејќи пред неколку месеци во предметниот имот се појавија непознати лица кои извршуваат градежни активности без никаков документ или дозвола од ваша страна или друга институција, притоа злоупотребувајќи ги заедничките делови на станбената зграда. Со тоа е нанесена штета и на друг стан, а за станот бр. 13 постои заостанат долг кон станбениот управител.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго – на било кој начин кој е најсоодветен за одговор на погоре наведените прашања

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил: [redacted]
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Битола,**
**03.03.2025 година .**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
Бр. ____________
____________ 201__ год.

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1465/1 од 05.03.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр.03-1465/1 од 05.03.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а во врска со информација за стан бр.13 ул. Филип Втори Македонски бр. 19, 7000 Битола

1.Зошто станот бр. 13 на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 19, 7000 Битола, кој според информации на барателот на информацијата, бил предаден од Министерството за одбрана на АДИССДП, сè уште не примен физички од страна на нашето Друштво?

2. Дали во моментов АДИССДП води постапка за упис на овој стан во државна сопственост:

Доколку постапката е во тек, кој е крајниот рок за ажурирање на податоците во катастар?

Доколку постапката не е во тек, која е причината да не се запише овој имот како државна сопственост?

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-1465/1 од 05.03.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со горенаведените барани информации, Ве известуваме за следново:

Согласно податоците добиени од страна на Подружницата Битола, во 2013 година, од Комисијата при Министерството за одбрана при Влада на РМ во врска со воените станови доставен е записник бр.02-898/1 од 23.01.2013 година за извршено примопредавање на документација за предмети наведени во записникот, меѓу кои е и станот на наведената адреса. Меѓутоа, освен предавање на документацијата, предметниот стан никогаш не бил примен.Основна причина е тоа што претставници од МО никогаш дошле во ПО Битола за физички да го предададат станот со записник за примопредавање, односно на нашето Друштво не му е предадено владение на овој стан.

Станот не е запишан како државна сопственост бидејќи во претходно наведениот записник, под реден број 1 (еден) , тој е запишан на име на [redacted] ( [redacted] ), и во забелешката стои дека, *цитирам-станот не е откупен, не плаќаат станарина, консултација со станар од ст.бр,7.*По извршена теренска контрола од страна на вработените во ПО Битола на сите станови кои се во наведениот записник, утврдена е следната состојба во предметниот стан:, *цитирам-купен по кажување на соседот, договор за купопродажба не ни е доставен.*Со допис број 11-411/2 од 03.06.2013 година ПО Битола го известил Секторот за стопанисување со станбен и деловен простор- Дирекција Скопје дека , *цитирам-становите коишто се наоѓаат во записникот во Битола дел се купени, и тоа под реден број 1,2,5,7,8,9,10,11,12,16,17,19,20,23.* Во оваа насока дообјаснуваме дека станот под реден број 1 е предметниот стан на ул. Филип Втори Македонски бр. 19/13 во Битола (стара адреса Иван Милутиновиќ бр.19/13 Битола). Од овие причини, за предметниот стан не е покрената постапка за упис во Катастар.

Постапка за негов упис се уште не е покрената бидејќи во станот се одвиваат градежни активности од страна на лица кои се непознати за нашето Друштво, па оттука, се додека не се врати станот во првобитна состојба во која што бил пред тие да се превземат , не може да се покрене постапка пред АКН.

Прилог:

Записник за извршено примопредавање на документација бр.02-898/1 од 23.01.2013 година

Табела на станови предадени од МО,

Известување бр.11-411/2 од 03.06.2013 година

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска